**ЗАКОН ЗА ПРЕКУРЗОРИ**

**-ИНТЕРЕН ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ-**

**(„Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2004; 40/2007 и 53/2011). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.181/2007 од 07 мај 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2008**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува системот за следење и контрола на производството и прометот на прекурзори со цел спречување на злоупотребата на прекурзори за нелегално производство на опојни droги и психотропни супстанции, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина од штетното влијание на прекурзорите.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
а) "Прекурзор" е класифицирана супстанција наведена во членот 3 од овој закон, смесите кои ги содржат овие супстанции, како и производите од природно потекло од кои лесно се екстрахираат прекурзорите, во кои не припаѓаат лековите, фармацевтските препарати или други препарати што содржат прекурзори составени на начин што тие не можат лесно да се употребуваат, ниту да се екстрахираат (извлечат) на лесен , едноставен и економско исплатлив начин;

б) "Производство" е подготвување, изработка, преработка, пакување и/или складирање на прекурзорите;

в) "Промет" е увоз, извоз, транспорт, транзит, складирање, продажба и/или ракување на прекурзорите;

г) "Увоз" е физичко внесување на прекурзор во земјата;

д) "Извоз" е физичко изнесување на прекурзор од земјата;

ѓ) "Транзит" е транспорт на прекурзори меѓу трети земји преку територијата на Република Македонија, без каков било претовар, истовар или замена на товарот;
е) "Транспорт" е пренос на прекурзорот низ територијата на Република Македонија;
ж) "Оператор" е секое правно лице, вклучено во производството, складирањето, преработката, прометот или дистрибуцијата на прекурзорите во Република Македонија или кое врши други активности поврзани со увоз, извоз, транзит на прекурзори и трговско посредување со прекурзори, како и секое физичко или правно лице кое изготвува царинска документација;

з) "Краен примач" е секое физичко или правно лице на кое му се испорачуваат прекурзорите во земјата која е крајна дестинација. Ова лице може да биде различно од крајниот корисник ;

ѕ) "Меѓународен орган за контрола на наркотични средства" е Меѓународниот борд за контрола на дрога (INCB), основан со Конвенцијата за наркотични средства од 1961 година и Анекс протоколот од 1972 година.

и) "Увозник” е секое правно лице кое главно е одговорно за увозните активности преку економски и правни односи за прекурзорите и за корисникот и кој, кога е тоа соодветно, поднесува царинска декларација или во чие име се поднесува царинската декларација и

ј) "Извозник" е секое правно лице кое главно е одговорно за извозните активности преку економски и правни односи за прекурзорите и со крајниот примач и кој поднесува царинска декларација или во чие име се поднесува царинската декларација.[1]

### Член 3 [2]

Прекурзорите, согласно со ратификуваните меѓународни договори и меѓународните нормативи и стандарди, се распоредуват во три категории:

1) во прва категорија спаѓаат супстанциите:

- 1-Фенил-2-Пропанон (1-Phenyl-2 Propanon) кој може да биде означен и како Фенилацетон (Phenylacetoe) HS code: 915 24

CAS број: 10824-7

- Н-ацетилантранилна киселина (N-acetylanthranilic acid) која може да биде означена и како 2- Ацетамидобензоева киселина (2-Acetamidobenzoic acid) HS code: 2924.23

CAS број: 89-52-1

- I sosaf rol (cis i trans) (Isosafrol (cis +trans)) HS code: 2932.91

CAS број: 120-58-1

- 3,4 - Метилендиоксифенил пропанон (3,4-Methylenedioxyphenylpropane - 2-on) кој може да биде означен и како 1- (1,3-Бензодиоксол-5-ил)пропан-2 он (1-(1,3-Benzodioxol-5-yl)propan –2-one) HS code: 2932.92

CAS број: 4676-39-5

- Пиперонал (Piperonal) HS code: 2932.93

CAS број: 120-57-0

- Сафрол (Safrol) HS code: 2932.91

CAS број: 120-58-1

- Ефедрин (Ephedrine) HS code: 2939.41

CAS број: 299-42-3

- Псеудоефедрин (Pseudoephedrine) HS code: 2939.42

CAS број: 90-82-4

---

[1] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2007) одредбите од членот 2 став 1 ќе престанат да важат по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[2] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2007) одредбите од членот 2 став 1 ќе престанат да важат по приемот на Република Македонија во Европската унија.

- Норефедрин (Norephedrine) HS code: 2939.49

CAS број: 154-41-6

- Ергометрин (Ergometrine) HS code: 2939.61

CAS број: 60-79-7

- Ерготамин (Ergotamine) HS code: 2939.62

CAS број: 113-15-5

- Лизергинска киселина (Lysergic acid) и HS code: 2939.63

CAS број: 82-58-6

- солите на супстанциите наведени во оваа категорија кога постоењето на тие соли е можно;

2) во втора категорија спаѓаат супстанциите:

- Анхидрид на оцетна киселина (Acetic anhydride) HS code: 2924.23 CAS број: 89-52-1

- Фенилоцетна киселина (Phenylacetic acid) HS code: 2916.34 CAS број: 103-82-2

- Антранилна киселина (Anthranilic acid) HS code: 2922.43

CAS број: 118-92-3

- Калиум перманганат(Pottasium permanganate) HS code: 2841.61 CAS број: 7722-64-7

- Пиперидин (Piperidine) и HS code: 2933.32 CAS број: 110-89-4

- солите на супстанциите наведени во оваа категорија кога постоењето на тие соли е можно и

3) во трета категорија спаѓаат супстанциите:

- Хлороводородна киселина (Hydrochloric acid ) која може да биде означена и како Водороден хлорид (Hydrogen chloride) HS code: 2806.10 CAS број: 7647-01-0

- Сулфурна киселина (Sulphuric acid) HS code: 2807.00 CAS број: 7664-93-9

- Толуен (Toluene) HS code: 2902.30

CAS број: 108-88-3

- Етил етер (Ethyl ether) кој може да биде означен и како Диетил етер ( Diethyl ether) HS code: 2909.11 CAS број: 60-29-7

- Ацетон (Acetone) и HS code: 2914.11

CAS број: 67-64-1

- Метил етил кетон (Metiletilketone) (MEK) кој може да биде означен и како Бутанон (Butanone) и HS code: 2914.12 CAS број: 78-93-3

- солите на супстанциите наведени во оваа категорија кога постоењето на тие соли е можно, со исклучок на солите на хлороводородна и сулфурна киселина.

Прекурзорите од ставот 1 точка 2) алинеи 1, 2 и 4 и точка 3) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член се распоредени и во група на хемикалии согласно со прописите за хемикалии.

## II. ПРОИЗВОДСТВО

### Член 4

Операторите кои вршат производство на прекурзори кои се распоредени согласно со прописите за отрови во група на отрови и/или производство на други прекурзори од членот 3 на овој закон, по однос на кадровските, техничките и санитарно-хигиенските услови треба да ги исполнуваат условите пропишани со прописите за производство на отрови.

Операторите кои вршат производство на прекурзори од првата категорија од членот 3 на овој закон и кои претставуваат фармаколошко активни супстанции што се користат во производството на лекови, треба да ги исполнуваат условите за производство на лекови пропишани со прописите за лекови.

**Ставот 3 е укинат со Одлука на Уставниот суд У.бр.181/2007 од 07 мај 2008 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2008.**

Операторите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се должни да определат одговорно лице и да го известат Министерството за здравство за секоја промена на тоа лице. [3]

Одговорното лице од ставот 4 на овој член е должно да обезбеди чување, складирање, промет и водење на евиденцијата за прометот со прекурзори во согласност со одредбите од овој закон.[4]

### Член 5

Операторите кои вршат производство на прекурзори се должни да водат евиденција за прометот на произведените прекурзори, количините на продадените прекурзори на домашен и надворешен пазар, како и податоци за купувачот.

Операторите кои вршат производство со прекурзори се должни целокупната царинска и комерцијална документација за трансакциите со прекурзорите од членот 3 точки 1 и 2 на овој закон да ја чуваат пет години, а целокупната царинска документација за трансакциите со прекурзорите од членот 3 точка 3 на овој закон да ја

---

[3] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 4 став 4 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија

[4] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 4 став 5 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија

чуваат за период од три години од крајот на календарската година во која активноста се извршила. [5]

Документите од ставот 2 на овој член треба да ги содржат следниве податоци: името на прекурзорите согласно со членот 3 од овој закон, а во случај на смеса или природен производ името на смесата или природниот производ и името на прекурзорот согласно со членот 3 од овој закон следено со зборот "прекурзор", количината и тежината на прекурзорот, а во случај на смеса или природен производ, количината, тежината ако е тоа и доколку е тоа можно процентот на секој прекурзор кој го содржи готовиот производ, како и името и адресата на увозникот, извозникот, крајниот примач и ако е можно името на лицето вклучено во посредните активности. [6]

Операторите кои вршат производство на прекурзори се должни на надлежните органи да им овозможат увид во трансакциите во евиденцијата и документацијата од ставот 1 на овој член.

Содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за здравство.

## III. ПРОМЕТ

### Член 6

Операторите кои вршат промет со прекурзори кои се распоредени согласно со прописите за отрови во групата на отрови и/или промет на други прекурзори од членот 3 на овој закон, во однос на условите за простор, опрема и кадар треба да ги исполнуваат условите пропишани со прописите за промет со отрови.

Операторите кои вршат промет со прекурзори кои претставуваат фармаколошки активни супстанции што се користат за производство на лекови, треба да ги исполнуваат условите за промет на големо со лекови, пропишани со прописите за лекови.

**Ставот 3 е укинат со Одлука на Уставниот суд У.бр.181/2007 од 07 мај 2008 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2008.**

### Член 7

Прекурзорите не смеат да бидат привремено чувани и царински складирани во рамките на постапките што се водат согласно со прописите за царинско работење.

### Член 8

Операторот од членот 6 на овој закон може да врши промет со прекурзори само по добивање на одобрение за вршење на промет со прекурзори од Министерството за здравство.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава на писмено барање на правното лице што ќе врши промет со прекурзори, за точно определени прекурзори за промет со прекурзори од членот 3 точки 1 и 2 на овој закон за период од три години, а за промет со прекурзори од членот 3 точка 3 на овој закон, за период од пет години. [7]

---

[5] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 5 став 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[6] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 5 став 3 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[7] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 8 став 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава по претходна проверка на состојбата по однос на условите за вршење на промет на отрови или промет на лекови на големо.

Содржината на барањето и на одобрението, како и начинот на издавањето на одобрението ги пропишува министерот за здравство.

Барањето за обнова на одобрението се поднесува најмалку шест месеца пред денот на истекот на важноста на рокот на постојното одобрение.

На аптеките, ветеринарните станици, царината, полицијата, овластените лаборатории на надлежните органи, јавни институции и Армијата на Република Македонија, Министерството за здравство им издава одобрение по нивно барање за користење на прекурзори од членот 3 точка 1 на овој закон за свои потреби во рамките на дејноста што ја вршат. [8]

Одобрение за вршење промет со прекурзори не е потребно за оние оператори кои во текот на една календарска година користат прекурзори во количини кои не ги надминуваат следниве граници: ацетон 50 кг, етил етер 20 кг, метил етил кетон 50 кг, тоулен 50 кг, сулфурна киселина 100 кг и хлороводородна киселина 100 кг, како и соодветно солите на овие супстанции кога нивното постоење е можно. [9]

**Член 9**

По барање на операторот, одобрението од членот 8 став 1 на овој закон може да се укине и пред истекот на рокот за кој е издадено.

Операторот од ставот 1 на овој член е должен, по претходно писмено известување до Министерството за здравство, преостанатата количина на прекурзорот да ја преотстапи на правно лице кое има одобрение за работа со прекурзори.

**Член 10**

Одобрението за вршење на промет со прекурзори може да биде укинато и пред истекот на времето за кое е издадено ако:

1) операторот не исполнува еден од условите од членот 6 на овој закон

2) ако во период од три години по издавањето на одобрението за вршење на промет, операторот не започнал со вршење на дејноста [10]

3) на операторот со правосилна пресуда му е изречена санкција забрана за вршење на дејност.

Операторот кој врши промет со прекурзори е должен секоја промена по однос на просторот, опремата, супстанциите со кои врши промет и седиштето и кадарот да ја

[8] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 8 став 6 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.
[9] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 8 став 7 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.
[10] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 1 точка 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

пријави до Министерството за здравство во рок од десет дена по настанувањето на промената. [11]

За секоја промена во однос на просторот, опремата, кадарот и супстанциите со кои врши промет, операторот е должен да поднесе ново барање заради утврдување на условите за вршење на дејноста до Министерството за здравство. [12]

Министерството за здравство одлучува во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето за издавањето на одобрението за вршење на промет, односно во рок од 30 дена по барањето за обнова на одобрението. [13]

Доколку Министерството за здравство не донесе решение за издавање на одобрение за вршење на промет со прекурзори, односно не донесе решение по барањето за обнова на одобрението, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот 4 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот за здравство и министерот за здравство да донесе решение.

Формата и содржината на барањето од ставот 5 на овој член ги пропишува министерот за здравство.

Кон барањето за донесување на решението за издавање на одобрение за вршење на промет со прекурзори, односно по барањето за обнова на одобрението, подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот 5 на овој член.

Министерот за здравство е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 5 на овој член до писарницата на министерот за здравство да донесе решение со кое барањето од ставот 5 на овој член е уважено или одбиено. Доколку министерот за здравство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Министерството за здравство.

Доколку министерот за здравство не донесе решение во рокот од ставот 8 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 9 на овој член да изврши надзор во Министерството за здравство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за здравство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку министерот за здравство не одлучи во рокот од ставот 11 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот за здравство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

---

[11] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.
[12] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 3 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.
[13] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 4 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

Доколку министерот за здравство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 12 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапи по известувањето од ставот 10 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до архивата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот 14 на овој член, и доколку утврди дека инспекторот од Државниот управен инспекторат не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите 10 и 11 на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите 12 и 13 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за здравство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 15 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Во случајот од ставот 16 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 17 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 15 на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот за здравство не одлучи во рок од ставот 13 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за здравство.

**Член 11**

Операторите кои вршат промет со прекурзори се должни да водат евиденција за сите активности поврзани со увозот, извозот, транспортот и транзитот и за тоа да поседуваат документација.

Комерцијалните документи како што се фактурите, товарните листови, царинските документи, документите за транспорт и шпедитерските документи, треба да содржат податоци за: името на прекурзорот како што е наведено во членот 3 од овој закон; количината и масата на прекурзорот и ако се работи за смеси или природни продукти,

количината и масата на секој поединечен прекурзор во смесата; името и адресата на увозникот, извозникот, дистрибутерот и крајниот корисник. [14]

Изјавата за конкретната намена на прекурзорот што ја дава крајниот корисник е составен дел на документацијата од ставот 1 на овој член .

Формата и содржината на изјавата за конкретната намена која ја поднесува крајниот корисник ја пропишува министерот за здравство.[15]

Операторот кој врши промет со прекурзори е должен да ја чува документацијата најмалку пет години од денот на нејзиното издавање и да овозможи увид во истата на надлежните органи.

Операторите вклучени во прометот со прекурзори се должни документацијата за прекурзорите од членот 3, точки 1 и 2 на овој закон да ја чуваат пет години, а документацијата за прекурзорите од членот 3 точка 3 на овој закон да ја чуваат за период од три години од крајот на календарската година во која активноста се извршила. [16]

Обврската од ставот 6 на овој член не се однесува на операторите од членот 8 став 7 на овој закон кои вршат промет со мали количини на прекурзори. [17]

**Член 12**

Операторите се должни писмено да го известат Министерството за здравство за секоја невообичаена нарачка, трансакција која се однесува на прекурзори и која наведува дека увезените, односно извезените количини можат да бидат пренасочени за нелегална трговија со опојни дроги и психотропни супстанции.

Заради спречување на можноста за пренасочување на прекурзорите од легален во нелегален промет заради недозволено производство на опојни дроги и психотропни супстанции, се воспоставува соработка меѓу надлежните органи и институции, како и со операторите. [18]

Операторите се должни на барање на Министерството за здравство да достават писмени извештаи за прометот со прекурзори. [19]

Операторот кој врши промет со прекурзори е должен до Министерството за здравство да достави годишен извештај за прометот. [20]

Министерот за здравство ќе ги пропише податоците кои треба да бидат содржани во извештајот.

**Член 13**

---

[14] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[15] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 4 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[16] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 6 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[17] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 10 став 7 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[18] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 12 став 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[19] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 12 став 3 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[20] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 12 став 4 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

Операторот кој врши производство и/или промет со прекурзори е должен да ги означи прекурзорите со имињата согласно со членот 3 од овој закон или во случај на смеса или природен производ, со името на смесата или природниот производ и името на секој поединечен прекурзор содржан во смесата или природниот производ. [21]

На прекурзорите кои се распоредени во групата отрови согласно со прописите за отровите, се применуваат и одредбите за означување, предупредување и известување од прописите за промет со отрови.

**Член 14**

Операторите можат да вршат увоз, извоз, транспорт и транзит на прекурзори од членот 3 на овој закон само врз основа на издадена дозвола од Министерството за здравство.

Дозволата од ставот 1 на овој член се издава на писмено барање на операторот во рок од 15 дена од денот на комплетирањето на документацијата.

По исклучок од ставот 2 на овој член дозволата може да се издаде во рок од 30 дена од денот на комплетирањето на документацијата, ако е потребно да се изврши дополнителна проверка на податоците во документацијата или ако е потребно да се провери легитимноста на трансакцијата, особено во случаи кога е потребна потврда од земјата која е посочена како крајна дестинација. [22]

Содржината на барањата и обрасците на дозволите од ставовите 1 и 2 на овој член ги пропишува министерот за здравство.

**Член 15**

Операторот е должен со барањето за издавање на дозвола за извоз да достави и дозвола за увоз од земјата која е претставена како крајна дестинација, ако таква дозвола е предвидена во земјата каде што се врши извозот.

Министерот за здравство ја објавува листата на земји кои издаваат увозни дозволи согласно со нивните прописи. [23]

**Член 16**

Министерството за здравство може да нареди преземање и на посебни мерки на безбедност при транспортот и транзитот на определен прекурзор од членот 3 на овој закон согласно со прописите за превоз на опасни материи.

Трошоците за преземањето на посебни мерки на безбедност од ставот 1 на овој член паѓаат на товар на операторот.

**Член 17**

Барањето за издавање на дозвола за увоз, извоз, транзит и/или транспорт се одбива ако:

---

[21] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 13 став 1 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[22] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 14 став 3 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

[23] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 15 став 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

1) надлежен орган утврдил дека кон барањето се доставени лажни или неточни податоци
2) кон барањето не се доставени сите потребни податоци и документација;[24]
3) постои основано сомнение дека прекурзорот може да биде пренасочен во нелегално производство или промет; [25]
4) кон барањето не е приложена дозвола за увоз од земјата која е претставена како крајна дестинација, ако таква дозвола е предвидена во земјата каде што се врши извозот.

По исклучок од ставот 1 точка 3 на овој член, Министерството за здравство за определени работи може да издаде дозвола за увоз, извоз, транспорт и транзит по барање на Министерството за внатрешни работи или Царинската управа.

**Член 18**

Дозволите за увоз, извоз, транспорт и транзит се доставуваат и до царинските органи при поднесувањето на царинската декларација.

Еден примерок од дозволите од ставот 1 на овој член ја придружува пратката се до царинската испостава на местото за влез и/или излез на прекурзорот од царинското подрачје на земјата.

Царинската испостава ја потврдува реализираноста на дозволата со ставање на свој печат пред истата да биде вратена до надлежниот орган што ја издал.

**Член 19**

Министерството за здравство пред да издаде дозвола за извоз на прекурзор од членот 3 на овој закон, до надлежниот орган во државата на чија територија треба да се извезе прекурзорот треба да ги достави следниве информации:

- име и адреса на извозникот, увозникот и други оператори вклучени во извозните операции или превозот, како и крајниот корисник доколку е познат;
- име на прекурзорот како што е наведено во членот 3 од овој закон;
- количината и масата на прекурзорот, односно ако се работи за смеса количината и масата на прекурзорот во неа со име како што е наведено во членот 3 од овој закон и
- податоци за транспортот: очекувано време на испорака, царинарница каде што се очекува да се спроведе царинската постапка, како и маршутата доколку е позната.

Податоците од ставот 1 на овој член се деловна тајна.

Листата на прекурзори на земји кои бараат да бидат известени за планираниот извоз на прекурзорите од членот 3 на овој закон на нивна територија се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Формата и содржината, како и начинот на издавање на образецот за предизвозно информирање го пропишува министерот за здравство.

**Член 20**

Дозволите за увоз, извоз, транспорт и транзит Министерството за здравство може да ги укине или поништи врз основа на документ од надлежен орган дека прекурзорите можат да бидат употребени за недозволено производство на наркотични средства или психотропни супстанции.

[24] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 17 став 1 точка 2 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.
[25] Согласно член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007) одредбата од членот 17 став 1 точка 3 ќе престане да важи по приемот на Република Македонија во Европската унија.

### Член 21

Министерството за здравство води евиденција за правните лица што вршат производство и/или промет на прекурзори кој особено содржи вид и количина на прекурзорот и име на операторот.

Содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за здравство.

Податоците од евиденцијата можат да бидат достапни само за службени потреби на Министерството за здравство и други органи на државната управа и истите имаат карактер на класифицирани информации согласно со закон.

### Член 22

Министерството за здравство во следењето на прометот и производството на прекурзори и заради спречување на нелегалното производство и промет, соработува со надлежните органи за внатрешни работи и царинските служби, како и со Меѓународниот орган за контрола на наркотични средства и со други органи и институции во функција на реализација на обврските преземени со меѓународните договори.

## IV. НАДЗОР

### Член 23

Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Министерството за здравство.

Инспекциски надзор над спроведувањето и примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него во однос на производството и прометот на прекурзори распоредени согласно со прописите за отрови во групата на отрови и/или други прекурзори од членот 3 на овој закон, врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Инспекциски надзор над спроведувањето и примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него во однос на производството и прометот на прекурзори кои претставуваат фармаколошки активни супстанции што се користат за производство на лекови вршат инспекторите за лекови.

Инспекциски надзор над спроведувањето и примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него во однос на заштитата на човековата околина врши Државниот инспекторат за животна средина.

### Член 24

Државните санитарни и здравствени инспектори, инспекторите за лекови и инспекторите за животна средина при вршење на инспекцискиот надзор преземаат мерки и постапки пропишани со прописите за санитарниот и здравствениот инспекторат , за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала и за заштита и унапредување на животната средина и природата.

### Член 25

Ако одобрението за вршење на промет со прекурзори биде одземено или при инспекциски надзор биде покрената постапка за изрекување на мерка забрана за вршење на дејност, државниот санитарен и здравствен инспектор и инспекторот за лекови може времено да одземе и нареди сместување на прекурзорите во простор кај друг оператор кој ги исполнува условите пропишани со овој закон, како мерка на безбедност до донесување на судска одлука.

## V. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**Член 26**

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок правното лице ако:

1) привремено чува и царински складира прекурзори (член 7);
2) не определи одговорно лице и не го извести Министерството за здравство за промената на лицето (член 4 став 4);
3) не обезбеди чување, складирање и промет и не води евиденција за прометот со прекурзори согласно со овој закон (член 4 став 5);
4) врши промет со прекурзори без одобрение од Министерството за здравство (член 8 став 1);
5) не ја преотстапи преостанатата количина на прекурзорот на правно лице кое има одобрение за работа со прекурзори (член 9 став 2);
6) не пријави промена по однос на просторот, опремата, супстанциите со кои врши промет и седиштето и кадарот (член 10 став 2);
7) не ги означи прекурзорите со имињата од членот 3 на овој закон и/или не ги примени одредбите за означување, предупредување и известување од прописите за промет со отрови (член 13) и
8) врши увоз, извоз, транспорт и транзит на прекурзори од членот 3 на овој закон без дозвола од Министерството за здравство (член 14 став 1).

За дејството од ставот 1 на овој член на правното лице ќе се изрече и санкција забрана за вршење на определена дејност во траење од шест месеца до две години.

Глоба во износ од 800 до 1500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член и ќе се изрече санкција забрана за вршење на должност во траење од три месеца до една година.

**Член 27**

Глоба во износ од 1.800 до 3.300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок правното лице ако:

1) не води евиденција за количините на произведените прекурзори, количините на продадените прекурзори на домашен и надворешен пазар и податоци за купувачот и на надлежните органи не им овозможи увид во евиденцијата и документација не ја чуваат документацијата во утврдените рокови (член 5);
2) не води евиденција за сите активности поврзани со увозот, извозот, транспортот и транзитот и за тоа не поседува документација (член 11 став 1);
3) не ја чува документацијата од членот 11 на овој закон најмалку пет години од денот на нејзиното издавање и не овозможи увид во истата на надлежните органи (член 11 став 4);
4) не го извести Министерството за здравство за невообичаена нарачка и трансакција на прекурзори или која наведува дека увезените, односно извезените количини ќе бидат пренасочени за нелегална трговија со опојни дроги и психотропни супстанции (член 12 став 1) и
5) на барање на Министерството за здравство не достави извештај за прометот со прекурзори (член 12 став 2).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Правните лица кои вршат промет со отрови, до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да вршат промет со прекурзори наведени во

членот 3 од овој закон до усогласувањето на нивната работа со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

Правните лица од ставот 1 на овој член се должни да ја усогласат својата работа во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Правните лица од ставот 1 на овој член се должни да поднесат барање за издавање на одобрение за вршење на промет со прекурзори во рокот од ставот 2 на овој член.

Ако правното лице не поднесе барање согласно со ставот 3 на овој член ќе се смета дека нема одобрение за вршење на промет со прекурзори согласно со овој закон.

**Член 29**

Министерството за здравство прописите предвидени со овој закон ќе ги донесе најдоцна во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 30**

Нерешените барања за увоз, извоз, транспорт или транзит на прекурзори поднесени пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се решат согласно со одредбите на овој закон.

**Член 31**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007):**

Одредбите од членот 2 став 1, членот 3, членот 4 ставови 3,4 и 5, членот 5 ставови 2 и 3, членот 6 став 3, членот 8 ставови 2, 6 и 7, членот 10 став 1 точка 2 и ставови 2, 3 и 4, членот 11 ставови 2, 4, 6 и 7, членот 12 ставови 2, 3 и 4, членот 13 став 1, членот 14 став 3, членот 15 став 2, членот 17 став 1 точки 2 и 3 на Законот за прекурзори (“Службен весник на Република Македонија” број 37/2004) престануваат да важат по приемот на Република Македонија во Европската унија.